**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-333
28.09. **2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-3377/1 од 03.09.2020 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 од Законот за медиуми од страна на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 33-та седница одржана на 25.09.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-3518/9 од 25.09.2020 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми, а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, емитуван на 10-ти август 2020 година, во дел од емитуваните програми, не се објавени податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис, и тоа:

- ни во текот на дневноинформативната емисија „Вести", емитувана во периодите од 17:01:58 часот до 17:17:35 часот; од 19:59:09 часот до 20:14:46 часот; од 21:58:50 часот до 22:14:27 часот, ни на одјавната шпица не се објавени податоците за импресумот – идентификација на новинарите (име и презиме на новинарот–автор на објавениот прилог) и на реализаторскиот тим на поединечните информативни прилози (име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот - сниматeл, монтажер и сл.) и
- во емисијата „Rruga drejt suksesit" (Патот кон успехот), емитувана во период од 12:08:16 часот до 12:59:28 часот; во емисијата „Bisedë me Akademik Feti Mediu" (Разговор со Академик Фети Медиу), емитувана во период од 15:02:45 часот до 15:57:55 часот; во емисијата „Emisioni për shëndetsi" (Емисија за здравство), емитувана во период од 17:22:50 часот до 17:52:19 часот; во емисијата „Nën thjerrzën e Uskanës" (Под лупа на Ускана), емитувана во период од 18:59:56 часот до 19:59:48 часот; во емисијата „Fakulteti Juridik i UT-së, objektivat dhe sfidat" (Правниот факултет на Универзитетот во Тетово, целите и предизвиците), емитувана во период од 21:06:48 часот до 21:30:09 часот и во емисијата „Alternativa" (Алтернатива), емитувана во периодот од 22:18:32 часот до 22:52:15 часот, ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот – авторската екипа, реализаторската екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен

административен надзор, арх.бр.10-3377/1 од 03.09.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 29 од Законот за медиуми, надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Според членот 14 од Законот за медиуми, издавачот на медиумот е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум. За радиодифузери погоренаведената обврска се применува на тој начин што податоците се објавуваат на почеток или на крајот на аудио/аудиовизуелните програми. Издавачот на медиум е должен на соодветно место за секоја содржина да ги објави следниве податоци: име и презиме на авторот на објавениот прилог, име и презиме на лицето, односно фирмата носител на авторски права за објавените содржини, освен во печатениот медиум и радио програмите, датум на продукцијата (месец и година) кога се работи за аудио/аудиовизуелно дело, потекло на аудио/аудиовизуелното дело, а доколку делото е создадено од независна продукција и информација за истото, името на правното, односно името и презимето на лицето кое го чува користеното културно добро или архивско дело, односно соодветната репродукција и името на издавачот на медиум од кој е преземен програмскиот прилог или исечок од програмскиот прилог, освен ако со меѓусебен договор поинаку не е уредено.

Со Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година, е утврден начинот на постапување на радиодифузерите при извршувањето на обврските од член 14 од Законот за медиумите (Импресум) и член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците).

Согласно точка 5 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година, телевизиите во

дневноинформативните емисии (дневници, вести и сл.) и кај другите информативни емисии составени од повеќе новинарски прилози, од сопствено производство, импресумот го објавуваат така што: на одјавната шпица ќе ги објават следниве податоци: името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис; името и презимето на одговорниот уредник на информативната редакција (доколку има); името и презимето на одговорниот уредник на конкретното издание на дневникот/вестите/информативната емисија; името и презимето на другите членови на телевизиската екипа со значаен ангажман во изработка на емисијата, датум на продукцијата (ден, месец и година); името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку. Во текот на емисијата, за секој засебен прилог, ќе ги објават следниве податоци: име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот (снимател, монтажер и сл.).

Согласно точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година, кај другите програми од сопствено производство, импресумот се објавува така што: на најавната или одјавната шпица се објавуваат следниве податоци: името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис; името и презимето на одговорниот уредник на редакцијата од која произлегува програмата (доколку има); името и презимето на уредникот/авторот/водителот на емисијата; името и презимето на ко – авторите, односно севкупната телевизиска екипа со удел во целината на аудиовизуелното дело; називот на субјектот што ја произвел програмата (самиот радиодифузер, копродуцентите, независниот продуцент кому му била нарачана програмата); датум на продукцијата (месец и година).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 3 септември 2020 година, изврши редовен административен надзор на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, емитуван на 10-ти август 2020 година, при што констатираше прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

Имено, со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 10-ти август 2020 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис, и тоа: ни во текот на дневноинформативната емисија „Вести“, емитувана во периодите од 17:01:58 часот до 17:17:35 часот; од 19:59:09 часот до 20:14:46 часот; од 21:58:50 часот до 22:14:27 часот, ни на одјавната шпица не се објавени податоците за импресумот – идентификација на новинарите (име и презиме на новинарот–автор на објавениот прилог) и на реализаторскиот тим на поединечните информативни прилози (име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот - снимател, монтажер и сл.); како и во емисијата „Rruga drejt suksesit“ (Патот кон успехот), емитувана во период од 12:08:16 часот до 12:59:28 часот; во емисијата „Bisedë me Akademik Feti Mediu“ (Разговор со Академик Фети Медиу), емитувана во период од 15:02:45 часот до 15:57:55 часот; во емисијата „Emisioni për shëndetsi“ (Емисија за здравство), емитувана во период од 17:22:50 часот до 17:52:19 часот; во емисијата „Nën thjerrzën e Uskanës“ (Под лупа на Ускана), емитувана во период од 18:59:56 часот до 19:59:48 часот; во емисијата „Fakulteti Juridik i UT-së, objektivat dhe sfidat“ (Правниот факултет на Универзитетот во Тетово, целите и предизвиците), емитувана во период од 21:06:48 часот до 21:30:09 часот и во емисијата „Alternativa“ (Алтернатива), емитувана во периодот од 22:18:32 часот до 22:52:15 часот, ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот – авторската екипа, реализаторската екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-3377/1 од 03.09.2020 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово на 04.09.2020 година, испрати Допис наш Уп1 бр.03-333 од 04.09.2020 година со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-3377/1 од 03.09.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот,

до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми. Во предвидениот рок, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на 33-та седница одржана на 25.09.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај при што заклучи на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-3377/1 од 03.09.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1. на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 33-та седница одржана на 25.09.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-3518/9 од 25.09.2020 година донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово и му се наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-3377/1 од 03.09.2020 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово;
-Одговорното лице на програмата во ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово;
-Секторот за правни работи;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), се доставува:

03.09.2020
10 3377 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. Вид надзор: Редовен
2. Субјект на надзорот: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово;
3. Период опфатен со надзорот: 10 август 2020 година;
4. Датум на извршување на надзорот: 3 септември 2020 година;
5. Предмет на надзорот:

   - Член 14 од Законот за медиуми (Импресум);
   - Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците);
   - Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Идентификација на радиодифузер);

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, емитуван на 10 август 2020 година, на регионално ниво, констатирано е прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

Спротивно на точката 5 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците - ниту во текот на дневноинформативната емисија „Вести“, ниту на одјавната шпица не се објавени податоците за импресумот: име и презиме на новинарот–автор на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот (сниматeл, монтажер и сл).

10.08.2020

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Вести | 17:01:58 | 17:17:35 | Ни во текот на емисијата, ни на одјавна шпица не се објавени податоци за импресумот - идентификација на новинарите и на реализаторскиот тим на поединечните информативни прилози. |
| | 19:59:09 | 20:14:46 | |
| | 21:58:50 | 22:14:27 | |

Спротивно на точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во емисиите „Rruga drejt suksesit", „Bisedë me Akademik Feti Mediu", „Emisioni për shëndetsi", „Nën thjerrzën e Uskanës", „Fakulteti Juridik i UT-së, objektivat dhe sfidat" и „Alternativa", ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата.

10.08.2020

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Rruga drejt suksesit" (Патот кон успехот) | 12:08:16 | 12:59:28 | Ниту на најавна ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот: авторско-реализаторската екипа; - уредништвото и (*датумот на*) продукцијата. |
| „Bisede me Akademik Feti Mediu" (Разговор со Академик Фети Медиу) | 15:02:45 | 15:57:55 | |
| „Emisioni për shëndetsi" (Емисија за здравство) | 17:22:50 | 17:52:19 | |
| „Nën thjerrzën e Uskanës" | 18:59:56 | 19:59:48 | |
| „Fakulteti Juridik i UT-së, objektivat dhe sfidat" (Правниот факултет на Универзитетот во Тетово, целите и предизвиците) | 21:06:48 | 21:30:09 | |
| „Alternativa" (Алтернатива) | 22:18:32 | 22:52:15 | |

8. Опис на прекршувањето: /

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, на 10 август 2020 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. Предлог мерка: /

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 14 од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*